30181

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје 901, 12,
11. IV. 1983

ИЗЛОЖБИ

# бунтовник по природа

## ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ И ЦРТЕЖИ НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ, ПО ПОВОД ДЕСЕТ ГОДИНИ ОД СМРТТА И ОСУМДЕСЕТ ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО

● ЉУБЕН ПАУНОСКИ

Приматот за „Голем" меѓу изворниците на модерниот македонски ликовен израз е онолку релативен колку што (за чудо), секој од нив си донесе сопствен идентитет. Иако некои сè уште не се фундаментално проучени (пред сè, таинствениот Пандилов, Личеноски), Мартиноски сепак е мошне комплетен предизвик на личност и творец пред секој љубовник. За периодот во кој создава избива како личност која не се стеснува да го реализира внатрешниот импулс на темпераментот — и духовен и животен, видлив од неговиот творечко-тематски опус. Љубовта на останатите македонски ликовни изворници—пејзажот — чист или со селанецот како национална социјала, помалку или повеќе тематски ги заокружува сите, освен Мартиноски, кој страстно го насликува пејсажот на животот од градските ќошеви со човекот во неговото средиште — како индивидуална социјала, а со тоа и пејсажот на сопствената душа страстна за животот. Со еден збор Мартиноски е боем на своето време, тој ги надминува тесните рамки на ликовно-тематскиот морал, и благодарение на тоа, побогати сме за еден повисок степен на сознанието за себеси. Мартиноски со тоа е редок творец кој не лута, ниту измислува теми, туку едноставно во нив живее. Растојанието до ликовната трансформација е толку флуидно поставено, што мораме да веруваме, оти животниот манир на Мартиноски е уметност за себе—според говорот на страстно-вознемирените внатрешни потреби без пригушувања. Вака отворениот дијалог со животот го потенцираме како необичност, и како доближување до некои изразителни компоненти на неговото сликарство (специфичен македонски Лотрек).

Стилски, Мартиноски е определен со еден збир на ликовни нијанси од уметничките искуства воопшто (вообичаена компонента). Главно тоа е прилагоден ракопис на сопствените изрази можности, естетски и стилски погледи. Ако можеме да ја препознаеме модулацијата на Сезан, Пикасо, Дерен, вртлозите на Вламенк, линијата на гестот од екстазата и отсутноста на Модиљани, не ќе можеме да продолжиме понатаму од самата препознатливост. Единствено препозналив останува со хетерогениот експресионизам, во кој внесе и дел од македонскиот средновековен ликовен израз на зографот.

Тежиштето на особената забележителност на оваа редуцирана ретроспектива паѓа врз Доилките со екстатичниот гест, „Портретот од 1968—69 година со маестрална автоанализа на сопствената личност и експресивните фантазии на имагинацијата за невозможни анатомски конструкции на телото, со вознемирени и збеснати бои, кои се претходници на Мазеовите и слични продолжувања во генезата на македонската ликовна експресија („Пролетен занас").

